СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Број 09-1983/2
27.05.2026
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 11.седница

Единаесеттата седница се одржа на ден 27.05.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 12 членови на Советот на Општина Делчево.

Оправдано отсутни беа Горан Димитровски, Бобан Никовски и Ангела Атанасова

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот кој рече го предложи следниот дневен ред:

Дневен ред

1.Општински енергетски план за 2027 година на Општина Делчево со Одлука за усвојување;

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржание-нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 11.седница.

Претседателот на Советот го повика Градоначалникот на Општина Делчево да ја образложи итноста на оваа точка.

Градоначалникот на Општина Делчево ги запозна советниците со итноста од одржувањето на оваа седница при што истакна дека овој Енергетски план бил изготвен од страна на Општина Делчево и пуштен до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за давање согласност. Еднаш од нивна страна бил вратен Планот за доработка и некои корекции, а потоа повторно пратен на согласност. Конечно Согласноста на планот е пуштена денес, на 27.05.2026 година по е-маил и допис со кој известуваат дека истиот треба да биде донесен/усвоен од страна на Советот и објавен во „Сл.гласник, најдоцна до 1 јуни 2026 година. Градоначалникот истакна дека во овој план се опфатени сите објекти на локалните институции, како и објектите на 30 приватни инвеститори, кои доколку овој план не биде донесен или усвоен можат да покренат постапки за вештачење и да ја тужат Општина Делчево

Звонко Атанасов-Раководител на Секторот за урбанизам се надоврза на излагањето на градоначалникот и истакна дека Планот е потребен за да можат ЕВН и ЕСМ на државно ниво да можат да ги надоградуваат своите мрежи.

Тони Стаменковски рече дека тој како советник немал време да го разгледа истиот, не знае како и на кој начин е изработен и праша кој е бебефитот на Општина Делчево од донесувањето на овој план.

Звонко Атанасов рече дека Општинскиот план еднаш веќе бил праќан за согласност, но од Министерството имале забелешки и планот бил вратен на доработка. Сите забелешки

на Министерството биле прифатени и се внесен во самиот план и согласноста се однесува на Планот со забелешки.

Градоначалникот рече дека бенефитот на Општина Делчево е тоа што со Општинскиот енергетски план за 2027 година на Општина Делчево, Општината ќе може да аплицира за повеќе проекти по повеќе повици од разни наши и меѓународни фонадации.

Претседателот на Советот праша дали се знаат кои се имињата на инвеститорите, сопствениците на парцелите?

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека сите потребни податоци ги има во самиот план.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по овааа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за усвојување на Општинскиот енергетски план на Општина Делчево за 2027 година.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски